**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**

**АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ**

**Уп1 Бр.** 03-249

26.08 **2022 година**

**С к о п ј е**

Врз основа на член 18 став 1 алинеја 20 и член 23 став 1 алинеја 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 168/18, 248/18 и 27/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.42/20 и 77/21), а во врска со член 64 став 1 од истиот Закон, точка 5 од Упатството за определување на рокот за постапување по решенијата на Агенцијата за преземање мерка (Пречистен текст) арх.бр.01-6039/1 од 20.10.2015 г., Писмениот извештај за извршен програмски надзор арх.бр.10-2864/1 од 19.07.2022 г. и Заклучокот арх.бр.02-3223/4 од 25.08.2022 г., Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, на 33-та седница одржана на 25.08.2022 г., го донесе следното:

**Решение**
**за преземање мерка–јавна опомена**

1. ЈАВНО СЕ ОПОМЕНУВА Трговското друштво за радио - дифузна дејност ТВ ШУТЕЛ ДООЕЛ Скопје, заради извршена повреда на член 64 став 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (ЗАВМУ), на начин што во рамките на неговиот програмски сервис, на 4-ти јули 2022 година, емитувани се цртани филмови изворно на англиски јазик, без да се обезбеди превод на ромски или на македонски јазик, јазиците на кои што медиумот емитува програма согласно дозволата Уп1 бр.08-18 од 05.01.2015 година, а исто така не е обезбеден превод од хрватски јазик на ромски или на македонски јазик во искажувањата на Тереза Кесовија и на Северина во емитуваните снимки од нивните концерти на програмата на ТВ Шутел.

Повредата од став 1 од оваа точка, специфицирана е во Писмениот извештај за извршен програмски надзор арх.бр.10-2864/1 од 19.07.2022 г. кој е составен дел на ова Решение како Прилог бр.1.

2. МУ СЕ НАЛОЖУВА на Трговското друштво за радио - дифузна дејност ТВ ШУТЕЛ ДООЕЛ Скопје, во рок од 15 (петнаесет) дена од денот на приемот на ова Решение да го усогласи своето работење со одредбите од ЗАВМУ.

3. По истекот на рокот определен во точка 2 од ова Решение, да се изврши контролен надзор, со цел да се утврди дали субјектот на надзор, наведен во точка 1 на ова Решение, постапил по Решението.

4. Ова Решение е конечно, а како ден на негово донесување се смета денот на неговата заверка во архивата на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (Агенцијата).

**О б р а з л о ж е н и е**

Агенцијата врз основа на член 28 од ЗАВМУ е надлежна да врши програмски надзор (мониторинг) на програмите на радиодифузерите и давателите на аудиовизуелни медиумски услуги по барање, како и на програмските пакети кои ги реемитуваат операторите на јавни електронски комуникациски мрежи од аспект на почитувањето на одредбите од цитираниот Закон, дозволите, издадените потврди за регистрација, подзаконските акти и другите акти донесени од Агенцијата.

Во согласност со член 23 став 1 алинеја 1 од ЗАВМУ, Советот на Агенцијата презема мерка - решение за јавна опомена согласно со овој Закон, во случаите кога е извршена повреда на одредбите од ЗАВМУ и подзаконските акти донесени врз основа на истиот, како и на условите и обврските утврдени со дозволата и други акти на Агенцијата.

Согласно член 64 став 1 од ЗАВМУ, радиодифузерите се должни да ја емитуваат програмата на македонски јазик и кирилско писмо, а во случаите кога програмата е наменета за заедница која не е во мнозинство, на јазикот и писмото на таа заедница.

Во рамките на своите законски надлежности, Агенцијата преку Секторот за програмски работи, на 19-ти јули 2022 г., изврши редовен програмски надзор (мониторинг) на телевизискиот програмски сервис на Трговското друштво за радио - дифузна дејност ТВ ШУТЕЛ ДООЕЛ Скопје, емитуван на 4-ти јули 2022 г., на регионално ниво, при што констатираше прекршување на членот 64 став 1 од ЗАВМУ.

Имено, со редовниот надзор е констатирано дека на 4-ти јули 2022 година, во рамките на програмскиот сервис на Трговското друштво за радио - дифузна дејност ТВ ШУТЕЛ ДООЕЛ Скопје, емитувани се цртани филмови изворно на англиски јазик, без да се обезбеди превод на ромски или на македонски јазик, јазиците на кои што медиумот емитува програма согласно дозволата, а исто така не е обезбеден превод од хрватски јазик на ромски или на македонски јазик во искажувањата на Тереза Кесовија и на Северина во емитуваните снимки од нивните концерти на програмата на ТВ Шутел.

Повредата од точка 1 од ова Решение, специфицирана е во Писмениот извештај за извршен програмски надзор арх.бр.10-2864/1 од 19.07.2022 г. кој е составен дел на ова Решение како Прилог бр.1.

Согласно член 23 став 3 од ЗАВМУ, Советот на Агенцијата до Трговското друштво за радио - дифузна дејност ТВ ШУТЕЛ ДООЕЛ Скопје, на 21.07.2022 г., испрати Допис наш арх.бр.10-2864/2 од 21.07.2022 г., со кој му го достави Писмениот извештај за извршен програмски надзор арх.бр. 10-2864/1 од 19.07.2022 г., со цел во рок од 7 (седум) работни денови од денот на приемот на дописот, до Советот на Агенцијата да достави изјаснување во писмена форма за стореното прекршување на одредбите од ЗАВМУ. Дописот беше уредно примен од страна на радиодифузерот на 10.08.2022 година. Во предвидениот рок, Трговското друштво за радио-дифузна дејност ТВ ШУТЕЛ ДООЕЛ Скопје, не достави писмено изјаснување за стореното прекршување на одредбите од ЗАВМУ. Меѓутоа, на 22.08.2022 година, на иницијатива на надлежниот сектор во Агенцијата, беше одржана работна средба, со овластен претставник од страна на радиодифузерот, во врска со забелешките/прекршоците евидентирани во извештаите од редовниот програмски и административен надзор извршен на 4-ти јули 2022 година на Трговското друштво за радио-дифузна дејност ТВ ШУТЕЛ ДООЕЛ Скопје, на која претставникот на радиодифузерот, целосно ги прифати, односно немаше забелешки по наводите од извештаите за административниот и за програмскиот надзор, за што составена е Службена белешка наш арх.бр.03-3212/1 од 23.08.2022 година. Советот на Агенцијата на седницата одржана на 25.08.2022 г., го разгледа предметниот Писмен извештај и заклучи на Трговското друштво за радио - дифузна дејност ТВ ШУТЕЛ ДООЕЛ Скопје, да му се изрече мерка – јавна опомена.

Следствено на напред наведеното, врз основа на член 18 став 1 алинеја 20 и член 23 став 1 алинеја 1 од ЗАВМУ, а во врска со член 64 став 1 од истиот Закон, точка 5 од Упатството за определување на рокот за постапување по решенијата на Агенцијата за преземање мерка, Писмениот извештај за извршен програмски надзор арх.бр. 10-2864/1 од 19.07.2022 г. и Заклучокот арх.бр.02-3223/4 од 25.08.2022 г., поради констатирано непочитување на одредбите од ЗАВМУ, утврдено во точка 1 на ова Решение, Советот на Агенцијата на седницата одржана на 25.08.2022 г., донесе Решение со кое јавно се опоменува Трговското друштво за радио - дифузна дејност ТВ ШУТЕЛ ДООЕЛ Скопје, и му се наложува, во рок од 15 (петнаесет) дена од денот на приемот на Решението, да го усогласи своето работење со одредбите од ЗАВМУ. По истекот на рокот определен во точка 2 од ова Решение, да се изврши контролен надзор, со цел да се утврди дали субјектот на надзор, наведен во точка 1 на ова Решение, постапил по Решението.

Согласно член 24 од ЗАВМУ, ова Решение е конечно и против него радиодифузерот може да поднесе тужба за поведување на управен спор пред надлежен суд. Тужбата за поведување на управен спор се поднесува во рок од 30 дена од денот на приемот на решението.

Врз основа на горе наведеното, се донесе решение како во диспозитивот.

**Прилог (1):**

1) Писмен извештај за извршен програмски надзор арх.бр.10-2864/1 од 19.07.2022 година.

**Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги,**
**Претседател на Совет,**

**Лазо ПЕТРУШЕВСКИ**

**Правна поука:** Против ова решение радиодифузерот може да поднесе тужба за поведување на управен спор пред надлежен суд. Тужбата за поведување на управен спор се поднесува во рок од 30 дена од денот на приемот на решението.

**Доставено до:**

- Трговското друштво за радио - дифузна дејност ТВ ШУТЕЛ ДООЕЛ Скопје;
- Управителот на Трговското друштво за радио - дифузна дејност ТВ ШУТЕЛ ДООЕЛ Скопје;
- Одговорното лице на програмата во Трговското друштво за радио - дифузна дејност ТВ ШУТЕЛ ДООЕЛ Скопје;
- Секторот за правни работи и јавни набавки;
- Секторот за програмски работи; и
- Назначените лица во Агенцијата за водење на уписникот Уп1.

**До: д-р Зоран Трајчевски, директор**
**на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

Врз основа на член 28 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 168/18, 248/18, 27/19) и Законот за изменување на Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.42/20 и 77/21), се доставува:

Република Северна Македонија
АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ - СКОПЈЕ
Republika E Maqedonise Së Veriut
AGJENCIA PËR SHËRBIME MEDIATIKE AUDIO DHE AUDIOVIZUELE - SHKUP
Примено / Pranuar: 19.07.2022

| Орг. единица Njësia org. | Број Numër | Прилог Shtese | Вредност Vlerë |
| --- | --- | --- | --- |
| 10 | 2864 | 1 | |

## ПИСМЕН ИЗВЕШТАЈ
## ЗА ИЗВРШЕН ПРОГРАМСКИ НАДЗОР

1. **Вид надзор:** редовен

2. **Субјект на надзорот:** телевизискиот програмски сервис на Трговското друштво за радио - дифузна дејност ТВ ШУТЕЛ ДООЕЛ Скопје

3. **Период опфатен со надзорот:** 4 јули 2022 година

4. **Датум на извршување на надзорот:** 19 јули 2022 година

5. **Предмет на надзорот:**

- **Член 64 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги** (употреба на јазикот во програмите на радиодифузерите)

- **Член 90 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги** (радиодифузерите што вршат дејност на регионално ниво се должни дневно да емитуваат најмалку 8 часа програма на телевизија)

- **Член 92 став 1 и 3 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги** (Трговските радиодифузни друштва кои емитуваат телевизиски програмски сервис се обврзуваат дневно да емитуваат најмалку 30% програма изворно создадена како македонски аудио или аудиовизуелни дела. Трговските радиодифузни друштва кои емитуваат телевизиски програмски сервис се обврзани најмалку половина од обврските утврдени во ставот (1) на овој член да ги остварат во периодот од 7,00 до 19,00 часот.)

6. **Претходно изречена мерка:** /

7. **Констатации од надзорот:**

Со редовниот програмски надзор врз телевизискиот програмски сервис на Трговското друштво за радио - дифузна дејност ТВ ШУТЕЛ ДООЕЛ Скопје, емитуван на 4 јули 2022 година, на регионално ниво, **е констатирано прекршување на член 64 став 1 од Законот** за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (радиодифузерите се должни да ја емитуваат програмата на македонски јазик и кирилско писмо, а во случаите кога програмата е наменета за заедница која не е во мнозинство, на јазикот и писмото на таа заедница).

Со надзорот е констатирано дека на 4 јули 2022 година, на телевизискиот програмски сервис на Трговското друштво за радио - дифузна дејност ТВ ШУТЕЛ ДООЕЛ Скопје се емитувани цртани филмови изворно на англиски јазик, без да се обезбеди превод на ромски или на македонски јазик, јазиците на кои што медиумот емитува програма согласно дозволата, а исто така не е обезбеден превод од хрватски јазик на ромски или на македонски јазик во искажувањата на Тереза Кесовија и на Северина во емитуваните снимки од нивните концерти на програмата на ТВ Шутел тој ден.

| Наслов | Период на емитување | | Опис |
|---|---|---|---|
| | Почеток | Крај | |
| Цртани филмови | 07:02:42 | 08:03:44 | Емитувани се цртани филмови изворно на англиски јазик, без да се обезбеди превод на ромски или на македонски јазик, јазиците на кои што медиумот емитува програма согласно дозволата, а исто така не е обезбеден превод од хрватски јазик на ромски или на македонски јазик во искажувањата на Тереза Кесовија и на Северина во емитуваните снимки од нивните концерти на програмата на ТВ Шутел. |
| Снимка од концерт на Тереза Кесовија | 02:46:17 | 04:57:18 | |
| Снимка од концерт на Северина | 04:57:18 | 07:01:57 | |

8. **Опис на прекршувањето:**

**Спротивно на член 64 став 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**, на програмскиот сервис на Трговското друштво за радио - дифузна дејност ТВ ШУТЕЛ ДООЕЛ Скопје, на 4 јули 2022 година, емитувани се цртани филмови изворно на англиски јазик, без да се обезбеди превод на ромски или на македонски јазик, јазиците на кои што медиумот емитува програма согласно дозволата, а исто така не е обезбеден превод од хрватски јазик на ромски или на македонски јазик во искажувањата на Тереза Кесовија и на Северина во емитуваните снимки од нивните концерти на програмата на ТВ Шутел.

9. **Предлог мерка:**

- Советот на Агенцијата да донесе решение за изрекување мерка - јавна опомена на Трговското друштво за радио - дифузна дејност ТВ ШУТЕЛ ДООЕЛ Скопје и во согласност со точката 5 од Упатството за определување на рокот за постапување по решенијата на Агенцијата за преземање мерка (пречистен текст) бр.01-6039/1 од 20.10.2015 година, да му наложи во рок од 15 дена од денот на приемот на решението

да го усогласи своето работење со одредбите на членот 64 став 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и

- Да се изврши контролен надзор, со цел да се утврди дали субјектот на надзорот (радиодифузерот), постапил по изречената мерка јавна опомена (во целост, делумно или не постапил), по истекот на рокот определен во поединечниот акт (решение), донесен од страна на Советот на Агенцијата.

***Сектор за програмски работи***